# Често поставувани прашања

**Зошто раководителите да се тренираат со коњи?**
Коњите како животни кои живеат во стадо и чија прва инстинктивна реакција на опасност е бегството, подготвени се да му веруваат некому единствено ако се сигурни во предностите што би ги имале од тоа. Тие предности се сигурноста, комфорот и можноста за играње, кои пак се еквивалент на мотивацијата и креативноста  во човечката работна ситуација.

**Што ќе добијам од тренингот за стилот на раководење?**
Моите тренинзи се „лабораторија“ за доживување и вежбање на личната моќ. Од тренингот не само што добивате повеќе свесно знаење за раководното однесување туку и непосредно се оспособувате за носење одлуки и преземање одговорност. Учите и испробувате алтернативни концепти за успех, вежбате да применувате дозирано количество на притисок и отпор. Особено во конфликтни ситуации автентичната комуникација е од исклучително значење. Интеракцијата со коњите низ вежбите ви овозможува тоа да го доживеете и да го научите на впечатлив начин. Како животни чија инстинктивна реакција на опасност е бегството и кои лесно може да станат плен, коњите реагираат чувствително на човечките однесувања и ставови и нивните реакции се јасни и искрени.

**Во што се состои најголемиот успех на тренизите со коњи? Зошто токму овие тренинзи се толку популарни?**
Моментот сигурно е поврзан со успехот на книгата на Николас Еванс: „Шепотење“ и филмската адаптација со Роберт Редфорд, како и со демонстрациите на Монти Робертс. Јас самиот сум уверен дека работата со коњите – со помош на вистински инструкции – може да биде начин за постигнување на витешко однесување, а и дека тоа било така низ илјадниците години заедничка историја на коњот и човекот. До почетокот на дваесетиот век, со векови, па дури и со илјадници години било сосема нормално луѓето на раководни позиции не само да бидат запознаени со коњите, туку многу „лидери“ биле дури и одлични јавачи. Тоа значи дека карактеристично за последните четири генерации е дека луѓето на раководни позиции општо земено НЕ посетувале училиште за јавање. Ако со коњите се постапува тактично и чувствително, од нивните реакции може многу да се научи. Многу учесници на тренингот имале слични впечатоци како резултат на дејството на коњите кое го почувствувале во интеракцијата со нив.

**Зошто тренинзите со коњи се подобри од другите форми на тренинг?**
Посебна карактеристика на тренингот со коњи е ситуацијата во која нема глумење, нема “игра“ со улоги, туку секогаш ситуацијата е реална. Меѓутоа, начинот на кој комуницирате со коњот дозволува голема слобода, јасното доминантно однесување е само една од стратегиите што ветуваат успех. Особено значајна е и забелешката дека во комуникација со едно поединечно животно се применуваат сосема поинакви стилови на раководење, отколку во комуникација со повеќе животни, односно со стадото.

**Што ќе добие мојата фирма од тимскиот тренинг?**
Преку избрани вежби со коњи учесниците ќе може подобро да ги разберат процесите што се карактеристични за еден тим, повеќе тимски дух, нови реални концепти на соработка.

**Што конкретно треба да се научи?**
Ќе научам со помош на мојата личност да убедам некое друго суштество во мојот кредибилитет, мојата способност и решителност. Единствено однесувањето кое е насочено кон целта може да донесе успех. Многу од вообичаените стратегии во деловниот живот се ориентираат кон воени концепти или кажано со други зборови, кон однесувањето на грабливците. Неопходните раководни карактеристики на животните-водачи на животните чија прва реакција на опасност е бегството и кои живеат во стада, како коњите, се поинакви и справувањето со овие начини на однесување преку практични вежби е извонредно.

**Дали тренинзите се опасни?**
Коњите се животни чија прва реакција на опасност е бегството, што значи дека во суштина тие се мирни суштества, но тие исто така се плашливи и брзи. Вежбите се прилагодуваат индивидуално на дарбата односно претпазливоста на учесниците. Стравот од коњи најчесто се должи на трауматски искуства или страв од губење на контролата. Сите учесници во моите тренинзи досега можеле да ги направат и доживеат сите вежби на начин на кој извлекле корист од нив.

**Дали ми се потребни предзнаења?**
Не.

**Каде се одржуваат тренинзите?**
Тренинзите ги нудам насекаде низ Европа. Места на одржување во Австрија меѓу другите се Фридрихсдорф кај Голс/Бургенланд и Покраинската ергела на шпанското училиште за јавање во Пибер/Стирија. За тренинзите, наменети за вработените во некоја фирма, може да се избере ергела во близина на клиентот.

**Дали тренинзите може да се прават со кој било коњ или тој мора да биде посебно дресиран?**
Вежбите ги изведувам со недресирани коњи – единствен предуслов е коњот да има основна почит пред човекот. Што се однесува до вежбите со повеќе коњи, важно е коњите да се навикнати еден на друг. Најпогодни се коњите што се чуваат во штала или слично. Јас работам со липицанери како и со коњи од расата бербери, арапски коњи, англиски чистокрвни коњи или исландски коњи на различни места во Европа.

**Дали тренинзите ги нудите и на други јазици?**
Тренинзите може да ги држам и на англиски и француски јазик, а на сите други јазици со толкувач.

**Дали можам да го подобрам мојот раководен стил само со еден единствен тренинг?**
Да! Во нашата социјализација генерално сме биле „тренирани“ на покорност, внимание и послушност. Вежбањето на успешно и промислено раководно однесување не е приоритетна цел ниту на семејната, ниту на училишната социјализација. „Учењето преку пракса“ (Learning by doing) со коњите кои се посупериорни од нас во поглед на големината, силата и брзината, веќе со векови е докажан метод за учење на раководењето. Преку недвосмислените реакции на коњите на моето однесување, интензивно се пренесуваат изненадувачки импулси кои ги поттикнуваат мислите и овозможуваат нивно учење.

**Какви се условите на областа?**
Во Голс има сала за јавање 20 x 40 m, хотел за семинари (6 еднокреветни соби, 11 двокреветни соби, 2 повеќекреветни соби, 2 апартмани) со одлична кујна и избор од 7 коњи. Во Стирија, Покраинската ергела Пибер, со замок, историска сала за јавање и избор од 240 липицанери.

**Кои алатки се применуваат при тренинзите?**
Сопственото тело, гласот, во неколку вежби јажето за водење, знаменце.

**Дали сте скротувач на коњи?**
Успешното справување со таканаречените „проблематични коњи“ ми причинува задоволство.

**Што морам да правам на тренингот на раководниот стил?**
Да заземете раководна улога наспрема едно помало стадо коњи односно еден поединечен коњ.
За да заземете раководна улога наспрема коњите, водењето и/или гонењето се основните елементи на комуникација. Водење значи одење пред коњот или следење на коњот/коњите со или без јаже за водење. Гонењето значи коњот/коњите да се поттикнат да се оддалечат од мене, при што јас ја одредувам насоката, начинот на одење и темпото. Еквивалент на водењето и следењето во меѓучовечката комуникација е мојата улога на идеал и подготвеноста на соработникот да се ориентира кон неа. Еквивалент на гонењето и отстапувањето во меѓучовечката комуникација е наредувањето и послушноста. Успешното водење и наредување значи да се однесуваш така што моето дејствување ќе предизвикува радосно следење и дејствување, а не незаинтересираност или отпор.
Содржини на тренингот се:

- Испробување и оценување на раководните способности преку игра
- Водење без моќ и формална компетенција
- Рефлектирање на тешки раководни ситуации
- Почитување и доверба

**Кои се резултатите од тимскиот тренинг?**
Резултатите зависат од инструкциите, кои произлегуваат од прелиминарниот разговор односно од искуствата од првиот ден. Општи резултати се меѓу другото промовирање на заемното почитување и признавање; доживување како функционира успешната соработка под временски притисок; согледувања за

распоредување на персоналот што ги заштедува ресурсите; препознавање на позитивните и негативните страни на флексибилната поделба на работата; прецизна примена на принципите соработка и/или конкуренција.

**Нудите и центар за проценка (Assessment Center), како изгледа тоа?**
Во Центарот за проценка преку вежбите со коњи се предизвикува способноста на кандидатот за донесување одлуки и преземање одговорност согласно профилот на барања дефинирани од фирмата. Притоа претежно се работи за раководни особини, практично знаење во однос на способноста за комуникација, способноста за тимска работа, самодовербата или однесувањето во кризни ситуации. Набљудувачите непосредно го доживуваат ставот на кандидатот во врска со прашањата како на пр. конкуренција или соработка, задоволство од донесување одлуки, способност за примена на научените искуства, подготвеност и способност да се компензираат грешките на другите.

**Што ве квалификува да го правите ова?**
Моето искуство. Со коњи се занимавам веќе четириесет години, десет години покрај мојата професија како библиотекар во Универзитетската библиотека во Грац, формирав и водев ергела. Поседувам R-3 лиценца (со која сум квалификувам да учествувам на меѓународни турнири за дресура, за скокови и др.), 10 години волонтерски работев како приправник, имам дванаесетгодишно искуство во менаџмент на ЕУ-истражувачки и развојни проекти, постојано ја читам актуелната истражувачка литература и едноставно ги сакам луѓето и коњите. Тренинзите ги нудам веќе 6 години.

Бруно Шперл тренинзи за раководители со коњи – Единствената понуда на семинари и работилници за фирми и нивните вработени во Австрија!

A-8052 Graz, Josef-Posch-Straße 98, тел. +43 699 17210747, office@brunosperl.at